РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

ул. Петар Дељан бр. 17, 1000 Скопје, тел.++389 2 785 420; факс. ++389 2 770 210;
E-mail: contact@kiselavoda.gov.mk, www.kiselavoda.gov.mk

Бр.08-468/42 од 26. 08. 2020 год.

Врз основа на член 24 став 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен Весник на Република Македонија бр. 51/05, 137/07,91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13, 42/14), член 50 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр. 5/02), член 57 од Статутот на Општина Кисела Вода (Службен гласник на Град Скопје бр. 8/2005 и Службен гласник на Кисела Вода бр. 13/2006) и донесената програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2014 година со Одлука бр. 08-6309/7 од 17.12.2013 година, програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2015 година со бр.08-3449/10 од 02.12.2014 година , програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2016 година со бр.09-9531/12 од 23.12.2015 година, програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2017 година со бр.09-9108/5 од 11.11.2016 година, програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2018 година со бр.09-7848/10 од 28.11.2017 година ,програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2019 година со бр.09-10814/4 од 25.12.2018 година и програма (Ф) за урбано планирање на Општина Кисела Вода за 2020 година со бр.09-10101/12 од 25.12.2019 година, Градоначалникот на Општина Кисела Вода донесе:

# ОДЛУКА

за организирање на повторна јавна анкета и јавна презентација
по предлог Детален урбанистички план Градска Четврт Ј14,
Општина Кисела Вода – Скопје
плански период 2015 - 2020

### Член 1

Се организира повторна јавна анкета и јавна презентација по предлог Детален урбанистички план Градска Четврт Ј14, Општина Кисела Вода - Скопје.

### Член 2

Повторната јавна анкета по предлог Детален урбанистички план Градска Четврт Ј14, Општина Кисела Вода - Скопје, ќе се спроведе со изложување на предлог планот во У.З. „Расадник“ на ул. „Христо Татарчев“ бр. 47 3 локал 2, У.З. „Кисела Вода“ на ул. „Христо Татарчев“ бб, и на www.kiselavoda.gov.mk.

**Член 3**

Повторната јавна анкета ќе трае 10 работни дена, почнувајќи од денот на објавувањето на Соопштението за организирање на повторна јавна анкета и јавна презентација по предлог Детален урбанистички план Градска Четврт Ј14 Општина Кисела Вода - Скопје.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставаат забелешки, предлози и мислења на анкетните листови на шалтерот на Општина Кисела Вода (барака 6) и во У.З. „Расадник" на ул. „Христо Татарчев" бр. 47 З локал 2 и У.З. „Кисела Вода" на ул. „Христо Татарчев" бб .

**Член 4**

Повторната јавна презентација по предлог Детален урбанистички план Градска Четврт Ј14, Општина Кисела Вода - Скопје, ќе се спроведе со стручно презентирање на планот во службените простории на Општина Кисела Вода, барака 7, Голема Сала, на 02.09.2020 година во 10:30 часот.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода".

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски